

# КОСТА ХАЏИ АНТОНОВСКИ
# KOSTA HADŽI ANTONOVSKI



Коста Хаџи Антоновски е роден на 22 мај 1935 година во Битола. Има завршено школа за применета уместност (1958 г.) во Скопје, во класата на познатите ликовни уметници Борко Лазески и Лазар Личеноски.

Почнувајќи од 1958 година работи како наставник по ликовно воспитување. а од 1981 година е раководител на Детското ликовно студио „Кирил и Методиј" во Битола.

Оваа година Коста Хаџи Антоновски одбележува еден редок јубилеј - 35 години ликовна и педагошка дејност. Приказната за славеникот почнува во 1958 година, кога тој ја изработува својата прва слика на тема „цвеќе". И денеска кога Коста Хаџи Антоновски се присетува на оваа своја слика се возбудува. Тешко може да се процени дали таа возбуда на уметникот доаѓа заради првостинката на неговиот талент, или пак поради тоа што воопшто го вознемирува секоја помисла што го одведува до мирисот на цвеќето, кое оттогаш па се досега останало меѓу главните негови творечки преокупации.

Јубилејот Коста Хаџи Антоновски го пречекува со бројни награди и признанија што тој ги добил за својата успешна и плодна работа, како и за ретко успешната работа како ликовен педагог, по која своја дејност тој е познат ширум нашата земја и во светот.

ДОСЕГАШНИ ИЗЛОЖБИ

САМОСТОЈНИ: 1958 г., Демир Хисар; 1960 г. Тузла, Живинице, Бановиќи и Битола; 1961 г. Скопје; 1962 г. Крагуевац и Битола; 1963 г. Марибор (приходот од оваа изложба беше неменет за настраданите во земјотресот во Скопје); 1964 г. Битола и Скопје (на тема „македонски фолклор); 1970 г. Демир Хисар; 1973 г. Битола и Куманово (изложба на тема „Цветови", а по повод 15-годишниот јубилеј); 1975 г. Битола и Демир Хисар; 1979 г. Охрид (јубилејна: по повод 20 години ликовно-педагошка работа, а по повод добивањето на Наградата „Климент Охридски") и Битола; 1980 г. Битола, Прилеп и Атина; 1981 г. Атина, Битола, Скопје и Соко Бања; 1982 г. Битола и Паг; 1983 г. Битола и Ресен; 1984 г. Битола и Охрид; 1985 г. Битола и Охрид; 1987 г. Битола; Во текот на изминатите 35 години Коста Хаџи Антоновски отвори и голем број самостојни изложби во работни колективи ширум Републиката.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ: Редовно учество на изложбите што ги организираа битолските ликовни уметници во Битола, Штип, Куманово, Суботица, Белград, Епинал (Франција) и др.

ПОДАРЕНИ ДЕЛА: Во текот на изминатите 35 години авторот има подарено голем број свои ликовни дела на заслужни граѓани, колективи, спортски организации, спортисти. Неговите дела се наоѓаат во повеќе приватни збирки во земјата и во странство.

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА: Коста Хаџи Антоновски е добитник на овие позначајни награди: Наградата „4 -ти Ноември" на град Битола (за сликарство - 1962 г.); Откупна втора награда на Уметничката галерија во Битола - 1967 г.; За ликовно-педагошка работа добитник е на голем број награди, медали, плакети, дипломи од ликовните центри во земјата и во странство; Републичката награда „Климент Охридски" ја добил 1978 г.),;

*Повелбата на Сојузот на борците на Босна и Херцеговина (1977 г.), Спомен плакета на Загреб (1969) г.); Наградата „Кирил и Методиј" на Битола (1976 г.), Признанието „Заслужен ликовен педагот на Југославија (1990 г.) и др.*

*Адреса: Коста Хаџи Антоновски,*
*ул. Маршал Тито бр. 48 - Битола*
*тел. (097) 36-213 и (097) 39-184 (на работа).*

*Kosta Hadzi Antonovski was born on May 22, 1935 in Bitola. He graduated Applied Art in 1958 at Skopje, in the class of the acknowledged painters, such as Borko Lazeski and Lazar Lichenoski.*

*After graduating, he worked as a teacher of Art, and since 1981 he is an Instructor of the Children's Art Studio „KIRIL I METODIJ" of Bitola. This art exhibition is organized on the occasion of his 35-th Jubilee of his artistic and pedagogic work.*

*In his creations, his leading motive is the flower which as a theme prevails in his opulent work of art. He successfully portrays the Macedonian folklore, thereby presenting the rich Macedonian spirit. Instead of his work as a painter, he deserves attention as a pedagogue and art educator in teaching the young artistic creators.*

*During his thirty-five years work of art, Kosta Hadzi Antonovski has exhibited in many places of Yugoslavia, such as: Bitola, Skopje, Kraguevac, Tuzla, Pag, Resen, Maribor, Kumanovo, Zivinice, Prilep, Ohrid, Soko Banja, (Solely), and in Shtip, Subotica, Belgrade, Kumanovo. (As member of an Art Group). He has also exibited solely in Athens, Greece, and as member of an Art Group in Epinal, France.*

*Many of his paintings are found in eminent Art Galeries, and also in many private Collections home and abroad. He has obtained a plenty of Prizes and Reckognitions for his artistic and pedagogic work: „Kliment Ohridski" - Prize, „4 Noemvri" - Prize, Charter of the Union of War Veterans of Bosnia and Herzegovina, „Kiril i Metodij" - Prize of the Town of Bitola, Charter as a Meritorious Art Pedagogue of Yugoslavia, and many other diplomas, prizes, and medals of a well-known Art Centres at home and abroad.*

*Address: Kosta Hadzi Antonovski,*
*Ul. Marshal Tito No. 48, Bitola 97000*
*Home Telephone: 097/36-213*
*At work: 097/39-184*

## *НИЗБРИШЛИВИ ЛИКОВНИ СОДРЖИНИ*

*Коста Хаџи Антоновски е посебна и оригинална личност: голем вљубеник во ликовната култура, идеалист, но и успешен практичар; сликар и творец, но и роден воспитувач, кој неизмерно ги сака децата; ентузијаст, кој открива големи идеи, но истовремено и рационален и деловен. Таков човек делува во Битола веќе 35 години и во текот на тие години зад себе остава неизбришливи трагови на ликовните содржини од различни подрачја.*

*Како уметник Коста Хаџи Антоновски се потпира на македонските ликовни традиции, користејќи во сликарството доминантни акорди на деградираните црвени и зелени тонови, кои истовремено носат свежина на колоритот, но и некоја тага, воздржаност. Најблиску му се мотивите „Цвеќе", а кои неговата верна публика со задоволство ги купува, зашто ги има засакано. Неговите изложби во Битола привлекуваат голем број љубители на ликовната уметност и пријатели, па за градот претставуваат своевиден настан.*

*Распнат меѓу уметничките желби и амбиции, од една страна, и работата на ширењето на ликовната култура, од друга страна, Коста Хаџи Антоновски веднаш по затворањето на својата изложба, повторно ќе се врати во Детското ликовно студио и ќе врши избор на пристигнатите детски ликовни творби од целата земја и од странство. Малку подоцна, во мај, Битола ќе има нова свеченост, со детска ликовна изложба на малите ликовни творци, кои ќе ги преплаваат градските улици, ќе сликаат и ќе другаруваат. Како што Коста Хаџи Антоновски стекна голем број пријатели и преиврзеници, исто така и градот Битола стекна безброј пријатели. Спонтано, едноставно со својата отвореност и со искреноста. Би било непромислено да се осиромаши ова човеково богатство.*

*Би било неправедно да и се даде предност на некоја од активностите на Коста Хаџи Антоновски. Треба да се прифати како таков каков што е. И треба да се радуваме на сето она што тој досега го има направено за децата, ликовната култура, и за Битола, како и на сите оние кои ја засакаа Битола.*

*Д-р. проф. Богомил Карлаварис, сликар*



Каталог: Од 1 до 90 - цветни акорди, акрилик Дизајн: Димитар Кочовски Мичо Фотоси: Атанас Нашоку Печатено: „Киро Дандаро" - Битола
Тираж: 500 примероци

# 35 ГОДИНИ „ЦВЕТНИ АКОРДИ"

## 4-22. 03. 1992 год. дом на културата - битола

ПОКРОВИТЕЛ: „КИРО ДАНДАРО" - БИТОЛА






